Почитувани,

за време на мојата едукација која се одвиваше од  28.09.2015г. па се до 23.10.2015г. во Турција, бев распоредена од страна на тамошниот деканат во болницата „Cerrahpaşa“ во една од хирушките клиники во Истамбул. По пристигнувањето бевме сместени во хотелот „Ferah“каде што престојувавме сите 25 дена и бевме добро прифатени од целовкупниот персонал. Во болницата имав можност да се запознаам со доста новитети во однос на организацијата, како и самата работа која ја работеа медицинските сестри во операционите сали, во интензивниот блок, како и на одделенијата каде што постоперативно беа сместувани сите пациенти. Имав можност да гледам подготовка на пациентите пред операција при што посебен впечаток ми остави подготвувањето на сите пациенти со еластични чорапи пред секоја операција поради хемостаза и нивна заштита, што во мојата матична установа не се практикува освен постоперативно давање ампула Klexane која исто така и таму беше применувана. Имав прилика да присуствувам и да гледам многу операции изведувани по класична метода како и ласерски кои посебно ме интересираа. Се вршеа доста операции од областа на абдоменалната хирургија: хернии (ингвинални и вентрални), се вршеа операции на жолчка (холецистектомија), операции на тумори на хепар, тумори на надбубрежна жлезда , тумори на тенко и дебело црево, разни илеусни состојби и многу други операции. Претежно операциите се работеа ласерски , а по некои и класично. Имав прилика да гледам и операција т.е отстранување на циста на тироидна жлезда, тумор на тироидна жлезда како и отстранување на цела тироидеа. Исто така со ласерски и класичен метод. Присуствував и на операции каде се отстрануваа туморозни формации на дојка. Во прилог се следниве слики од некои од горенаведените операции.


















Во салите организационата работа беше многу едноставна, но за секоја гранка од работата имаше посебен персонал. Во тој хирушки дел постоеја деветнаесет сали од плус три кардиолошки и сите беа опремени добро со апаратура. Постоперативно, пациентите останувaa 24 часа во интензивниот дел кој се наоѓаше пред самите хирушки сали и беа згрижени како и кај нас без посебни новитети во организацијата. После тоа ги префрлаа на одделение каде што одделите беа поделени на "А„ „Б" и „Ц" оддел. Извесно време поминавме и таму на едукација при што ја запознавме нивната организациона работа. Терапијата ја делеа одделенски сестри секое утро слично како и кај нас, исто како и кај нас се вршеа поставувања на канили и инфузиони раствори. Посебно ме заинтересираа инфузионите раствори кои во мојата матична установа ги нема што пациентите ги примаа постоперативно и се состоеја од масти, протеини, јаглени хидрати, електролити и се друго што му е потребно на организмот за правилно функционирање и брзо опоравување и за да не би дошло до недостаток на некој од овие елементи во организмот. Исто така секое утро се правеа и потребните преврски вообичаено како и кај нас од страна на медицински техничар и болничар. Собите беа поделени на двокреветни и трокреветни и беа доста добро опремени. Земено во целина, сето ова за мене беше стекнување на едно ново искуство и размена на знаење споредено со тамошната установа и нашите матични установи во Република Македонија-Гостивар кое е моето работно место. Сепак му благодарам на Министерството за здравство што ми ја укажа оваа можност да се едуцирам во друга држава и болница. Се надевам дека доследно ја извршив својата задача и ја претставив својата држава Р. Македонија во најдобро светло при што добив и сертификат потпишан од турскиот деканат во болницата „Cerrahpaşa".

Поздрав

Рудска Светлана